РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-471/4
22-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2624/1 од 03.10.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што по предметните наводи постапува надлежниот орган.

Оваа одлука да се достави на натамошно постапување до ///, со цел иницирање повторно спроведување контролен инспекциски надзор во ///, заради целосно спроведување на дадените задолжувања, согласно со Решението /// бр. /// од /// година донесено од надлежниот инспекциски орган како и до /// за следење на спроведувањето на контролниот инспекциски надзор.

Предметот со број 12-2624/1 од 03.10.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2624/1 од 03.10.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Кон овој предмет е споен предметот со број 09-2682/1 од 16.10.2024 година и постапката во ДКСК за овој предметен случај е водена под единствен број 12-2624/1 од 03.10.2024 година. Предметните наводи се однесуваат на сомневања за незаконски остварено право на социјална

сигурност (социјална пензија) од страна на повеќе лица - граѓани на РСМ, сомневања за незаконски остварено право на гарантирана минимална помош и сомневања за незаконски остварено право на надомест за помош и нега од друго лице, а коишто права незаконски им биле дадени на граѓаните од страна на ///.

Постапувајќи по предметот, ДКСК достави барање до Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата при Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ по кое до ДКСК е доставен Записник /// бр. /// од /// година од извршен инспекциски надзор во горе споменатиот Центар, во кој се нотирани прекршувања на чл. 51, чл. 301, чл. 305 и чл. 273 од Законот за социјална заштита ("Сл. весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), прекршувања на чл. 3 ст. 1 и чл. 15 од Законот за социјалната сигурност за старите лица ("Сл. весник на РСМ" бр. 104/19) и прекршувања на чл. 9 од Правилникот за начинот на остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице ("Сл. весник на РСМ" бр. 126/19 и 192/20). Прекршувањата на овие одредби упатуваат на пропусти во работењето на /// по однос на неговите обврски за утврдување полн состав на стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, формирана од ///; пропусти по однос на утврдувањето обврски за наплата на неосновано исплатени средства на граѓаните во случај на престанок на правото на надоместок за помош и нега од друго лице; пропусти за испитување на постоењето на условите за користење гарантирана минимална помош во случај на продолжување на ова право од ///; пропусти во однос на обврската за утврдување на минималната возраст на корисниците за остварување на правото на социјална сигурност (социјална пензија) на старите лица; и пропусти за испитување на постоењето на условите за остварување на правото на социјална сигурност на старите лица, во случај на продолжување на ова право или најмалку еднаш годишно од денот на стекнувањето на правото. На вака утврдените состојби од страна на надлежниот инспекциски орган - сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата при Министерство за социјална политика, демографија и млади на РСМ, донесено е Решение за бр. /// од /// година со кое /// е задолжен да ги отстрани

констатираните недостатоци, неправилности, прекршувања и пропусти на легислативата од областа на социјалната заштита и социјална сигурност во рок од 60 дена од денот на приемот на решението. Дополнително, надлежниот инспекциски орган спроведе и контролен инспекциски надзор во ///, за што до ДКСК е доставен Записник од извршен контролен инспекциски надзор /// бр. /// од /// година, во кој е констатирано дека делумно било постапено по однос на пропустите за испитување на постоењето на условите за остварување на правото на социјална сигурност на старите лица, во случај на продолжување на ова право или најмалку еднаш годишно од денот на стекнувањето на правото. Останатите пропусти биле целосно отстранети од страна на ///, за што биле донесени соодветни управни акти, по однос на кои се воделе жалбени постапи пред надлежниот второстепен орган – ///. Од овие причини, надлежниот инспекциски орган донел Решение /// бр. /// од /// година, со кое на директорот на ///, службено лице ///, во својство на одговорно лице, му била изречена инспекциска мерка Опомена, заради нецелосното отстранување на пропустите за испитување на постоењето на условите за остварување на правото на социјална сигурност на старите лица, во случај на продолжување на ова право или најмалку еднаш годишно од денот на стекнувањето на правото. На /// му е наложено целосно да постапи заради отстранување на овие пропусти и во зависност од исходот на постапката да испита дали и колкав износ на неосновано исплатена социјална сигурност треба да наплати од страна на корисниците, кои го загубиле ова право. Рокот за постапување е /// дена, сметано од денот на приемот на решението со кое се изрекува споменатата инспекциска мерка и опоменатото службено лице е задолжено по истекот на овој рок, а најдоцна во рок од /// дена да го извести инспекцискиот орган за тоа дали изречените инспекциски мерки по однос на оваа состојба се извршени и спроведени. /// е задолжен да преземе конкретни активности за отстранување на констатираните пропусти и неправилности согласно со преземените инспекциски мерки, со цел усогласување на работењето со законските и подзаконските акти.

На вака утврденото, ДКСК наоѓа дека дел од состојбите за овој предметен случај се надминати, а за дел постапува надлежниот орган – ///. Ова е согласно со изречените мерки од надлежниот инспекциски орган - сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата при Министерство за социјална политика, демографија и млади на РСМ. Следствено, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување и постапката за овој конкретен случај ја запре.

Имајќи предвид дека по контролниот инспекциски надзор, /// е задолжен целосно да ги отстрани констатираните пропусти, неправилности и незаконитости, согласно со Решението /// бр. /// од /// година донесено од надлежниот инспекциски орган, ДКСК цени дека е неопходно оваа одлука да ја проследи до /// со цел иницирање повторно спроведување контролен инспекциски надзор во ///.

Имајќи предвид дека согласно чл. 18 ст. 1 т. 1 од Законот за инспекциски надзор ("Сл. весник на РСМ" бр. 102/19, 272/24 и 22/25), според кој *"Инспекцискиот совет ги врши следните работи: ја следи и координира работата на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа"*, ДКСК Одлуката ќе ја проследи и до ///.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК;
- /// и
- ///.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk